*МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА*
Бул. Гоце Делчев бб 1000 Скопје,
www.mrt.com.mk

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-1265/**

# З А П И С Н И К

**Од 140-та седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 15.03.2021 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:** проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Зам.претседател на Програмскиот совет на МРТ,Снежана Клинчарова,Ристе Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани,Златко Јанковски,Косана Мазнева Николиќ,Селпин Керим,Јагнула Куновска, Ивана Трајковска и Анита Латифи. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:** д-р Агим Лека. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:** Марјан Цветковски-Директор на МРТ,Горан Атанасов-директор на заеднички функции и администрација во МРТ,Кирил Андоновски-ревизор од Ековис Аудит-Скопје,Анета Андонова-Главен и одговорен уредник на Прв програмски сервис МТВ и Виолета Димевска-раководител на одделение за планирање и буџет во МРТ. |

***Во согласност со препораките на Владата на РМ дадени поради настанатата сосотојба со Ковид кризата во државата, 140-та седница на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку платформата Скајп.***

Седницата започна во 13:00 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предложениот Дневен ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои Дневниот ред.

## Д Н Е В Е Н  Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на записникот од 139-та седница на Програмски совет на МРТ.

2. Разгледување и усвојување на Извештајот за финансиското работење на ЈРП МРТ за преиодот од 01.10.2020-31.12.2020 година.

3. Разгледување и усвојување на Финансиски извештај за реализација на финансискиот план на ЈРП МРТ за 2020 година.

4. Разгледување и усвојување на Нацрт поединечен Ревизорски извештај за ЈРП МРТ од независен овластен ревизор Ековис Аудит Скопје.

5. Разно.

**ТОЧКА1:Разгледување и усвојување на записникот од 139-та седница на Програмски совет на МРТ.**
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 139-та седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата запиникот од 139-та седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
Програмскиот совет на МРТ едногласно **го усвои** запсиникот од 139-та седница на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА2:Разгледување и усвојување на Извештајот за финансиското работење на ЈРП МРТ за преиодот од 01.10.2020-31.12.2020 година.**
Воведно излагање по оваа точка имаше Виолета Димовска раководител на одделението за планирање и буџет во МРТ со детално објаснување на целиот материјал од Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.10.2020-31.12.2020 година.
Надзорниот одбор на своја седница го разгледа Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.10.2020-31.12.2020 година без поголеми забелешки.

Претседателката на советот по расправата го стави на гласање Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.10.2020-31.12.2020 година.

■**Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.10.2020-31.12.2020 година** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **9** члена,
- ПРОТИВ гласаа:**0** член,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**3** члена.

По спроведеното гласање се констатира дека Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.10.2020-31.12.2020 година **е усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА3:Разгледување и усвојување на Финансиски извештај за реализација на финансискиот план на ЈРП МРТ за 2020 година.**
Воведно излагање по оваа точка имаше Виолета Димовска раководител на одделението за планирање и буџет во МРТ со детално објаснување на целиот Финансиски извештај за реализација на финансискиот план на ЈРП МРТ за 2020 година.
Надзорниот одбор на своја седница го разгледа годишниот финансиски извештај за финансиското работење на ЈРП МРТ во 2020 година, со следниве забелешки:
-Надзорниот одбор на МРТ констатира големо потфрлање во реализацијата на приходот од маркетинг во однос на планираното, предвидено во Финансискиот план на ЈРП МРТ за 2020 година.

-Надзорниот одбор го задолжува Директорот на ЈРП МРТ да ги утврди причините за големото потфрлање на приходот од маркетинг и за тоа да го извести Надзорниот одбор до крај на месец март 2021 година.

-Надзорниот одбро на МРТ го задолжува Секторот за маркетинг да постапи по Заклучокот бр.02-5773/2 од 25.12.2021 година, односно да изготват предлог решение за Правилник (Ценовник) кој ќе го регулира пласирањето на производи во одредени ТВ емисии и истиот да се достави на разгледување до Надзорниот одбор до крај на месец март 2021 година

По расправата Финансискиот извештај за реализација на финансискиот план на ЈРП МРТ за 2020 година беше ставен на гласање.

■**Финансискиот извештај за реализација на финансискиот план на ЈРП МРТ за 2020 година** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **8** члена,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**4** члена.

По спроведеното гласање се констатира дека Финансискиот извештај за реализација на финансискиот план на ЈРП МРТ за 2020 година **е усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

ТОЧКА 4:**Разгледување и усвојување на Нацрт поединечен Ревизорски извештај за ЈРП МРТ од независен овластен ревизор Ековис Аудит Скопје.**
По оваа точка беше повикан и свое видување даде и овластен ревизор Кирил Андоновски од ревизорската куќа Ековис Аудит Скопје која истакна дека извршиле ревизија на приложените финансиски извештаи на ЈРП МРТ кои се состојат од Извештајот за финансиска состојба на 31 декември 2020 година,и притоа е дадено по однос на две точки мислење со резерва:

-прво по однос на имотно-правната документација на претпријатието истото има добиено право на користење на земјишта и градежни објекти од државата но нема сопственост над истите.

-второ неусогласеност со Централниот регистар на РМ по однос на основната главнина впишана во изводот на ЦРМ.

Програмскиот совет на МРТ по расправата по оваа точка го предложи следниов Заклучок:
• Програмскиот совет на МРТ констатира дека Ревизорскиот извештај на незваниот овластен ревизор Ековис Аудит Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на ЈРП МРТ за годината која завршува на 31.12.2020 година,е во согласност со сметководствените стандарди кои се прифатени во РС Македонија и во сите значајни аспекти реално и објективно ја одразува финансиската сосотојба на претпријатието.
-Заклучокот беше едногласно **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ

ТОЧКА 5:**Разно.**
По однос на оваа точка Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац отвори две теми и тоа првата за барањето на Факултетот за информатички науки и компјутерско инжинерство-ФИНКИ до МТВ за изработка на документарец за нивниот јубилеј како и за неколку други факултети и институции кои имаат доставено барање до МРТ за документарци и емисии за нивни јубилеји и обележување на разни други настани,бидејќи истите преставуваат промоција на образовните институции и создавање на квалитетни емисии за образовни и научни настани во државата кои се од јавен интерес за граѓаните.
втората по однос на престојниот Евросонг и негативните реакции во јавноста околу истиот.
Анета Андонова главен и одговорен уредник на Прв програмски сервис МТВ по однос на првата тема кажа дека оваа година имаат од неколку установи барања за документарци по јубилеји.Снимање на документарец значи вклучување на многу луѓе (светло,тон,возач,камера режисер,новинар и сл.) а тоа со пандемијава и зголемувањето на заразени во државата е нехумано и неизводливо,но ние како сервис сме на став дека подоцна кога ќе се смири пандемијата ќе почнеме со реалзиација на ваквите проекти.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац со забелешка дека не е доволно само да им се каже дека ќе биде во иднина,туку да се направи план за снимање и реализација на документарецот и да не се оставаат така без конкретен одговор.
По однос на втората тема избор за песна на Евровизија, Претседателката на советот даде вовед дека во јавноста има лавниа од лоши коментари и дека се преполни

електорнските,пишаните а посебно социјалните медиуми со негативни коментари по однос на настапите и промоцијата во јавноста на избраниот кандидат кој треба да не претставува на годинешниот Евросонг, и јавноста бара по не знам кој пат МРТ, а со тоа и Македонија да се откаже од учество на овој настан и да го повлече кандидатот.
Има безброј негативни коменатри и за изборот на претставникот од страна на МРТ, и има големи забелешки по тоа што не добиле никаква изјава или коментар од менаџментот на МРТ за целокупните настани што се случија околу Евровизија.
Членот на советот Ивана Трајковска со прашање зошто одговорната уредничка на редкацијата Мери Попова до сега нема излезено со никаква изјава или став пред јавноста и медиумите, и зошто за се до сега дозволуваме другите медиуми да го тераат наративот, а молчењето од страна на надредените во куќата прави многупати штета на МРТ.
Членот Снежана Клинчарова потенцираше дека овој пат не станува за нарушување на дигнитетот само на МРТ, туку овој пат е понижена целата држава и целата ситуација со изборот и околу спотот е срамна.
Горан Атанасов директор на заеднички функции и администрација во МРТ одговори дека за брзо МРТ ќе излезе со свој став за што е формирана комисија која ќе ја испита целата ситуација околу изборот и однесувањето на кандидатот кој е избран, и во најбрз можен рок треба да утврди евентуална грешка,пропуст и одговорност.

Програмскиот совет на МРТ по расправата по оваа точка го предложи следниов Заклучок:

• Програмскиот совет на МРТ по однос на претстојниот Избор за песна на Евровизија му укажува и го задолжува Менаџментот на МРТ со следново:

**1.**Во рок од 7 (седум) дена да го извести Програмскиот совет на МРТ каков Заклучок донеле по однос на настаните околу годинешниот Евросонг.

**2.**Програмскиот совет на МРТ му препорачува на Менаџментот на МРТ да се повлече овогодинешната песна за Евровизија,и ако е потребна подршка во таа одлука се препорачува да се направи истражување на јавното мислење.

**3.**Програмскиот совет на МРТ укажува на тоа ваквиот „инкогнито“ избор на песна за Евровизија, како и пејач кој ќе не претставува на Евросонгот да биде последен.

За во иднина Програмскиот совет на МРТ инсистира при изборот да биде вклучена јавноста и со најголема транспарентност да биде извршен изборот.

-Заклучокот беше **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ

Седницата заврши во 14:30 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател